## НОВ PENTIUM ЗА ПРЕНОСНИТЕ КОМПЈУТЕРИ

Деновите на класичните desktop PC компјутери полека одминуваат; напредокот во техниката на тврди дискови, батерии и PCMCIA додатоци едноставно го прават desktop компјутерот непотребен за повеќето корисници, посебно со оглед на фактот дека цените на преносните компјутери и натаму паѓаат.



на таквите испораки е 427 долари по парче. До крајот на годината е предвиден развој и на побрз модел, повторно за преносните компјутери.

Меѓу првите производувачи што го користат новиот процесор е Texas Instruments, чијшто модел TravelMate 5000 моментно го користи Pentium процесорот на 75 Mhz, со заштеда на напон и PCI архитектура. Според одговорните во TI, PCI магистралата всушност овозможува потполно искористување на мемориската ширина на појасот (memory bandwidth) што може да ја достигне Pentium. TravelMate ќе се појави во две изведби со новиот процесор, но според цената тие нема да бидат "воведни" машини: верзијата со dual scan колор екран ќе чини околу 8,000 DEM, а моделот со TFT дисплејот преку 9,000 DEM.

Intel тврди дека новиот 90 Mhz Pentium процесор, наменет за преносните компјутери, уште повеќе ќе го зголеми обемот на оваа пазарна гранка. Бројот на продадени портабилни компјутери годинава се очекува да биде за 30 проценти поголем отколку во 1994 година. John Antone, шеф на маркетингот за преносни направи во Intel, предвидува дека до крајот на 1995, 50% од сите notebook компјутери на пазарот ќе содржат Pentium процесор, а дека цената на воведните модели ќе биде меѓу 2.000 и 3.000 долари.

Новите Pentium процесори користат технологија за редукција на напонот, што значи дека нивната просечна дисипација на снага изнесува од 2.5 до 3.5 W, додека при неработна состојба таа изнесува помалку од еден ват. Чипот е веќе на располагање во фабрички количини од по 1000 парчиња, а цената

## INDIGO2 - 300 ПАТИ PENTIUM

Silicon Graphics на некој начин го постави Intel на свое место со новата графичка работна станица што ја претстави минатиот месец. Бројките кажуваат до 300 пати поголема брзина во однос на Intel-овиот процесор во одредени задачи.

Велат дека новиот Indigo2 Impact има 100 пати поголема моќ на визуализација во однос на својот претходник, Indigo2 Extreme. На презантацијата Silicon Graphics демонстрираше манипарање комплексни текстури врз објекти во виртуелна реалност, сето тоа во реално време.



Цените на новите модели почнуваат од 65,000 DEM.

## MICROSOFT PLUS

Минатиот месец новинарите имаа можност да се запознаат со Microsoft Plus!, новиот пакет алатки за Windows 95. Во пакетот се вклучени некои, но сигурно не сите, алатки што традиционално ги нудат надворешни добавувачи. Главни елементи се:

System Agent, што го надгледува вашиот компјутер додека работите, ја оптимизира искористеноста на дискот и предупредува на потецијални проблеми каков што е недостатокот на место.

DriveSpace 3.0, што поддржува дискови и до 2 Gb, со поголем степен на компресија отколку верзијата што се испорачува со Windows 95.

Desktop Themes, колекција декори за вашата работна површина: звуци, тапети, фонтови, бои и анимирани икони, што варираат од елегантни до неподносливи.

Multimedia Pinball, прилично добра аркадна игра (на сликата).




Internet Jumpstart Kit, алатка за лесно поврзување на Интернет, во која е вклучен Internet Explorer, Microsoft-овиот WWW прегледувач. Explorer изгледа добро, но му недостасуваат некои интересни иновации.



Microsoft Plus! има релативно разумна цена - помалку од 90 DEM. Сепак, може да живеете и без работите што ги нуди, освен можеби System Agent, што би требало да биде составен дел од Windows 95. Во секој случај, не помислувајте да го инсталирате Plus! ако имате помалку од 8 Mb RAM, и барем 25 - 40 Mb слободно место на дискот.

НОВО! НОВО! НОВО!

# MULTIMEDIA SYSTEMS

## STATE OF THE ART, RESEARCH, DEVELOPMENT AND OUR EXPERIENCE



**Danco Davcev**

MEDIS - informatics

НОВО! НОВО! НОВО!

Ново издание на МЕДИС - информатика!!!

цена: 1.100 денари

Книгата можете да ја порачате на тел. 091 22 22 53.